МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 6 Година XII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јуни 2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5323/1**
**Датум: 14.06.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- во точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош
- во точка 6. Финансиска поддршка на спортисти и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош
- точка 7. Меморијален турнир во мал фудбал Сокол
- по точка број 7 се додава нова точка број 8 која гласи „Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош“

II. Во точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош се менува износот во делот „предвидена финансиска рамка“ на начин што износот 12.300.00,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 8.200.000,00 денари.

По изменувањето и дополнувањето точката 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош гласи

| | 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ќе ги опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој се натпреваруваат во системот на националните спортски федерации и кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на |

| | |
|---|---|
| | домашен, така и на меѓународен план. Во зависност од постигнатите спортски резултати на клубот, ќе биде одредена и висината на финансиските средства. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. |
| Стратешки насокии цели: | Афирмација и потпомагање на спортски клубови од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Развивање, подобрување и зголемување на клупските успеси. |
| Целна група: | Спортски клубови регистрирани во Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 8.200.000,00 денари |
| Организатор: | Општина Карпош |

III. Во точка 6. Финансиска поддршка на спортисти и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош се менува насловот на точката „Финансиска поддршка на спортисти и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош“ на начин што истиот се брише и на негово место се запишува нов наслов: „Финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош“
Во истата точка се менува „Опис на активности“ на начин што текстот „Доделување на финансиска поддршка на индивидуални спортисти, рекреативци и невладини организации кои се занимават со спортско рекреативна активност - дејност. Истата ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината)“ се брише и на негово место се запишува следниот текст:
„Доделување на финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош кои се занимават со спортско рекреативна активност, ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми

кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината)“.
Во точка 6, се менува делот „Предвидена финансиска рамка“ на начин што износот 600.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот 1.100.000,00 денари“
По изменувањето и дополнувањето, точка 6 гласи:

| | 6. Финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување на финансиска поддршка на спортисти и рекреативци од Општина Карпош кои се занимават со спортско рекреативна активност, ќе биде наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината). |
| Стратешки насоки и цели: | Поддршка, афирмација и стимулирање за постигнување на подобри спортски резултати на активни, млади и талентирани спортисти и рекреативци од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Промовирање и потпомагање на спортисти и спортски настани од Општина Карпош. |
| Целна група: | Сите индивидуални спортисти и рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност кои се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 1.100.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |

IV. Во точка 7. Меморијален турнир во мал фудбал Сокол се менува делот „предвидена финансиска рамка“ на начин што износот 600.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот „1.200.000,00 денари“.

По изменувањето и дополнувањето, точка 7 гласи:

| | 7. Меморијален турнир во мал фудбал Сокол |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Мал Фудбал |
| **Стратешки насоки и цели:** | Сеќавање на нашиот другар и сосед Сокол |
| **Очекувани резултати:** | Оддавање почит и одбележување на годишнина |
| **Целна група:** | Футсал фудбалски екипи |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.200.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Награден фонд за: прво, второ и трето место, за најдобар играч, најдобар голман и најдобар голгетер, пехари за прво, второ и трето место и за најдобрите поединци, хонорари за ангажирање на лица во реализација на проектот - фудбалски турнир (обезбедување на натпреварите, судии, медицинско лице) организационо технички трошоци и рекламен материјал, маици, балони, конфети, коктел и разглас. |

V. По точка 7, се додава нова точка 8 која гласи: Финансиска поддршка за спортско рекреативни проекти за физички и правни лица од Општина Карпош

| | 8. Финансиска поддршка за спортско рекреативни проекти за физички и правни лица од Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување на финансиска поддршка ќе биде наменета за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош. Одобрените проекти ќе бидат реализирани, промовирани и презентирани во Општина Карпош. Проектите на заинтересираните преку архивата се доставуваат до оддолението за култура и спорт, а по истите одлучува комисијата за спорт од Советот на Општина Карпош. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. |
| Стратешки насокии цели: | Целта на оваaа активност е афирмација, промоција и подршка на спортско рекреативни проекти. |
| Очекувани резултати: | Промоција и подршка на спортско рекреативни проекти, како и запознавање на граѓаните од различни области на забавниот спорт. |
| Целна група: | Жителите од Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 1.500.000,00 денари |
| Организатор | Општина Карпош |

VI. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ износот од „18.010.000,00 денари“ се брише и на негово место се запишува износот „16.510.000,00 денари“.

VII. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/2
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/2
**Датум: 14.06.2018 година**
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 4. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2017), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со ова одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/21 од 23.04.2018 година, донесена на деветтата седница на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018) на начин што, во точка 1 се додаваат 2 нови алинеји кои гласат:

- 1 од прва категорија во износ од 3.000.000,00 денари,
- 1 од втора категорија во износ од 2.000.000,00 денари

По додавањето на новите 2 алинеји, се врши изменување на категориите во следните алинеји

- 1 од прва категорија во износ од 220.000,00 денари, станува трета категорија
- 6 од втора категорија во износ од 150.000,00 денари, станува четврта категорија
- 8 од трета категорија во износ од 80.000,00 денари, станува петта категорија
- 1 од четврта категорија во износ од 60.000,00 денари, станува шеста категорија
- 2 од петта категорија во износ од 40.000,00 денари, станува седма категорија

**Член 2**

По изменувањето и дополнувањето на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/21 од 23.04.2018

година, донесена на деветтата седница на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018), членот 1 гласи:

„Со оваа Одлука се определува финансиска поддршка на 20 (дваесет) спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 1 од прва категорија во износ од 3.000.000,00 денари,
- 1 од втора категорија во износ од 2.000.000,00 денари
- 1 од трета категорија во износ од 220.000,00 денари,
- 6 од четврта категорија во износ од 150.000,00 денари,
- 8 од пета категорија во износ од 80.000,00 денари,
- 1 од шеста категорија во износ од 60.000,00 денари,
- 2 од седма категорија во износ од 40.000,00 денари

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/3
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/3
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во точка II.Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- во точка 1.1. Јавна чистота и хигиена
- во точка 1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура, подточка 1.2.2. Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило
- во точка 1.3. Урбана опрема, подточки 1.3.1. Одржување на урбаната опрема и 1.3.2. Поставување на нова урбана опрема
- во точка 2.1. Јавно осветлување, подточка 2.1.1. Одржување на јавното осветлување
- во делот вкупна предвидена финансиска рамка

II. Во точка 1.1. Јавна чистота и хигиена се менува следното:

Во делот “Опис на активности” текстот “Затоа и следната (2018-та) година Општината Карпош планира да ангажира 80 – 90 сезонски работници кои ќе бидат исплатени од општинскиот буџет” се брише, а на негово место се вметнува “Во 2018 година Општината Карпош ќе ангажира околу 100 сезонски работници кои за својата работа ќе бидат исплатени од општинскиот буџет”.

Во истата точка (1.1. Јавна чистота и хигиена) во делот „Опис на активности“ се брише текстот “За извршувањето на овие активности Општината Карпош ќе издвои 31.000.000 денари”, а наместо тоа се вметнува текстот “За извршувањето на овие активности Општината Карпош ќе издвои 33.600.000 денари”.

Во делот “Предвидена финансиска рамка” од истата точка (1.1. Јавна чистота и хигиена) износот “33.700.000,00 денари” се заменува со “36.200.000,00 денари”.

По изменувањето и дополнувањето точката 1.1. гласи:

| 1.1. | **Субвенционирање на купување велосипед** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | За одржување на јавната чистота, иако не е нејзина законска обврска, односно е во надлежност на ЈП Комунална хигиена – Скопје, Општината Карпош издвојува значителни средства и енергија со цел одржување, но и подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Карпош, како и до сега, и понатаму се стреми да биде најчистата општина во Скопје. Во 2018 година Општината Карпош ќе ангажира околу 100 сезонски работници кои за својата работа ќе бидат исплатени од општинскиот буџет.<br>За непречено одвивање на **редовните активности на ангажираните работници**, Општината Карпош ќе издвои средства за:<br>- Финансиски надоместок за работниците (плати, придонеси, итн),<br>- Одржување на машините и приборот за работа и набавка на нови,<br>- Набавка на ХТЗ и друга опрема за работниците,<br>- Чистење на дивите депонии.<br>За извршувањето на овие активности Општината Карпош ќе издвои 33.600.000,00 денари.<br><br>За унапредување и осовременување на услугите од оваа област Општина Карпош планира во 2018 година да набави уште едно **комунално товарно возило за подигање на смет**, покрај веќе постоечкото, со што значително ќе ја подобри ефикасноста на терен, а во врска со одржувањето на јавната чистота и хигиена.<br>Планирани средства за оваа намена – 2.600.000,00 денари. |
| | Одржување, подобрување и унапредување на јавната |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | хигиена во општината;<br><br>Зголемување на ефикасноста во областа на јавната чистота и хигиена |
| **Очекувани резултати:** | Почиста општина |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 36.200.000,00 денари |

Во точка 1.2. Паркови, јавно зеленило и хортикултура, подточка 1.2.2. Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило, во делот “Предвидена финансиска рамка” износот “21.000.000,00 денари” се заменува со “15.000.000,00 денари”.

По изменувањето и дополнувањето точката 1.2. гласи:

| 1.2. | **Паркови, јавно зеленило и хортикултура** |
|---|---|
| 1.2.1. | **Одржување на постојното јавно зеленило** |
| **Опис на активности:** | ***Одржување и реконструкција на јавни тревни површини***<br>Се мисли на постојните парковски површини, односно замена на оштетената или уништена трева со нова трева. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето на новата трева.<br>***Одржување и реконструкција на цветни површини***<br>Оваа активност се однесува на одржување на цветните насади и замена на овенатите или уништени цвеќиња на локациите кои се со цветен насад, како на пример: булеварот Партизански одреди, плоштадот Делфина во населба Влае 2, Кружниот тек помеѓу Варшавска и Париска, платото кај Педагошка академија, платото со фонтана во Карпош 3, платото кај Млечен ресторан, |

| | |
|---|---|
| | плоштадот со скалите во Жданец, плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), плоштадот во Бардовци, плоштадот во Трнодол, некои од дворовите на општинските основни училишта и др. Јавните површини кои се оплеменети со цвеќиња од страна на Општината Карпош се заменуваат со нов цветен расад два пати годишно, напролет и наесен.<br>*Одржување на системите за наводнување*<br>Вакви системи се веќе поставени на жардиниерите на булевар Партизански одреди, на зеленилото околу Плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот во УЗ Пецо Божиновски Кочо (спроти студентскиот дом Гоце Делчев), на кружниот тек кај средното училиште Георги Димитров, на зелените површини кај платото со фонтаната во Карпош 3, плоштадот во Бардовци, кај платото “Млечен” и други. Овие системи за наводнување неопходно треба да се одржуваат и обновуваат. |
| Стратешки насоки и цели: | Јавното зеленило за кое се грижи Општината Карпош да биде во добра состојба |
| Очекувани резултати: | Цветни жардиниери, средени тревни површини, полеани јавни зеленила |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 30.000.000,00 денари |
| 1.2.2. | Изградба на нови парковски површини и јавно зеленило |
| Опис на активности: | *Изградба на нови паркови (зеленило, цвеќе, садници...)*<br>И оваа година Општината Карпош ќе продолжи да посветува внимание на урбаната естетика, па со изградбата и реконструкцијата на урбаните содржини, |

| | |
|---|---|
| | хортикултурното уредување на овие простори е едно од приоритетните зафати. За таа цел на определен број на локации ќе биде потребно садење на нови дрвца, цвеќиња, украсни грмушки и тревни површини.<br>*Изградба на нови автоматски системи за наводнување*<br>Во текот на 2018 година планирано е со овие активности да се продолжи и на други локации, пред сé на гореспоменатите урбани локации. |
| Стратешки насоки и цели: | Подобрување на урбано-естетскиот карактер на јавните површини преку нови хортикултурни решенија |
| Очекувани резултати: | Нови зелени и цветни површини |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 15.000.000,00 денари |

Во точка 1.3. Урбана опрема, подточка 1.3.1. Одржување на урбаната опрема, во делот “Предвидена финансиска рамка” износот “11.000.000 денари” се заменува со “13.000.000,00 денари”.

Во истата точка, во подточката 1.3.2. Поставување на нова урбана опрема, во делот “Опис на активности” текстот “Оваа година се планира изградба на најмалку 3 такви игралишта.” се брише, а на негово место се вметнува “Оваа година се планира изградба на најмалку 5 такви игралишта”.

Во делот “Предвидена финансиска рамка” износот “25.000.000,00 денари” се заменува со “34.000.000,00 денари”.

По изменувањето и дополнувањето точката 1.2. гласи:

| 1.3. | Урбана опрема |
|---|---|
| 1.3.1. | Одржување на урбаната опрема |
| Опис на активности: | *Одржување и санација на оштетени клупи за седење*<br>Дел од поставените клупи се оставени на забот на времето, па така неопходна е интервенција и |

| | |
|---|---|
| | санирање на даските од клупите, како и на нивната конструкција (доколку е потребно).<br>*Санација и замена на оштетени корпи за смет*<br>Покрај што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Карпош е недоволен, еден дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санација (таму каде што е можно) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.<br>*Одржување на детските игралишта*<br>На територијата на Општината Карпош има голем број на детски игралишта, кои поради експлоатација на истите со тек на времето, треба да се санираат, заменуваат, бојадисуваат и слично. За жал, реквизитите на овие игралишта честои се и мета на недоговорни граѓани кои најчесто во доцните вечерни часови намерно ги оштетуваат.<br>*Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи*<br>Се работи за реконструкција на оградите, металните столбчиња и останати браварски работи и нивно тековно одржување.<br>*Одржување на фонтаните*<br>Новоизградените четири фонтани кои се наоѓаат на плоштадот Делфина во Влае, на платото во Карпош 3, на плоштадот во Бардовци и плоштадот во УЗ П.Б.К (спроти студентски дом Гоце Делчев), како и евентуално други фонтани кои би се изградиле во следниов период, треба редовно да се одржуваат и зачуваат во исправна состојба. |
| Стратешки насоки и цели: | Исправна постоечка урбана опрема која ќе служи за релаксација на граѓаните |
| Очекувани резултати: | Одржувани и функционални клупи за седење, корпи за смет, огради, настрешници, летниковци, фонтани |

| | |
|---|---|
| | итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 13.000.000,00 денари |
| 1.3.2. | Поставување на нова урбана опрема |
| Опис на активности: | Сите локации од јавен карактер со содржини кои се од естетско-урбан карактер, како шеталишта, платоа, паркови и друго, бараат определен обем на нова урбана опрема, односно:<br>- Набавка и поставување на нови клупи за седење,<br>- Набавка и поставување на нови корпи за смет,<br>- Изградба и поставување на нови детски игралишта,<br>- Изградба и поставување на нови фонтани,<br>- Изградба и поставување на нови огради,<br>- Изградба и поставување на нови заштитни столбчиња,<br>- Изградба и поставување на нови летниковци,<br>- Изградба и поставување на нови настрешници и др.<br>Новите детски игралишта се истотака една од приоритетните активности од областа на урбаната опрема. Изградбата на новите игралишта со реквизити безбедни за децата се врши или на локации кои се со многу оштетени и застарени реквизити или на сосема нови локации. Оваа година се планира изградба на најмалку 5 такви игралишта. |
| Стратешки насоки и цели: | Нова, стилска урбана опрема за релаксација на граѓаните |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | Нови функционални клупи за седење, корпи за смет, детски игралишта, огради, настрешници, летниковци, фонтани итн. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 34.000.000,00 денари |

Во точка 2.1. Јавно осветлување, подточка 2.1.1. Одржување на јавното осветлување, во делот “Предвидена финансиска рамка” износот “62.000.000,00 денари (18.000.000,00 денари за сметки)” се заменува со “63.000.000,00 денари (18.000.000,00 денари за сметки)”.

По изменувањето и дополнувањето точката 2.1. гласи:

| 2.1. | Јавно осветлување |
|---|---|
| 2.1.1. | Одржување на јавното осветлување |
| Опис на активности: | *Сметки за електрична енергија* Висината на средствата кои ќе бидат потрошени за плаќање на сметки за електрична енергија се планира да биде на релативно повисоко ниво од 2017 година поради зголемениот број на светилки поставени за осветлување на нови локации на територијата на Општина Карпош. Посоченото зголемување на висината на сметките сепак нема да надмине повеќе од 5% на годишно ниво. *Поправки, одржување и реконструкција на јавното осветлување* Искуството од 2013 година па наваму, односно поделбата на територијата на Општина Карпош на повеќе реони и соодветно на тоа одржувањето со повеќе економски оператори, се покажа како модел поуспешен од претходниот кога само еден економски оператор беше ангажиран за одржување на јавното |

| | |
|---|---|
| | осветлување. Поради тоа, овој модел ќе се применува и во 2018 година.<br>Освен замена на прегорените светилки и отклонување на појавените дефекти, се планира и реконструкција на старите системи за јавно осветлување, што подразбира промена и на комплетната инсталација, како и заштита и бојадисување на столбовите или нивна замена доколку е потребна.<br>*Такси за електрични приклучоци*<br>Во текот на тековната година Општината Карпош повремено има потреба од набавка и поставување на нови електрични броила со цел да ја одвои, односно регулира, сопствената потрошувачка на електрична енергија од други субјекти. Финансиските трошоци за таа активност се предвидени од овој дел од Програмата. |
| Стратешки насоки и цели: | Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош |
| Очекувани резултати: | Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 63.000.000,00 денари (18.000.000,00 денари за сметки) |
| 2.1.2. | Изградба на нови системи на јавно осветлување |
| Опис на активности: | *Подготовка на проектна документација*<br>Подготовката на проекти (и нивното ревидирање) на новопоставеното јавно осветлување претставуваат законска обврска, која Општина Карпош и понатаму ќе ја исполнува.<br>*Ново јавно осветлување* |

| | |
|---|---|
| | Поставувањето на ново осветлување се однесува на јавни површини каде досега воопшто не постоело осветлување. Такви локации за работа (паркинзи, пристапи, патеки и други јавни површини) во текот на 2018 година ќе има со оглед на градежните активности во повеќе делови на општината. |
| Стратешки насоки и цели: | Поосветлен и побезбеден Карпош;<br>Овозможување на одлични технички услови за спортување и рекреирање во училиштата и урбаните/месните заедници. |
| Очекувани резултати: | Поставување на нови светилки и нова електрична инсталација, со висок степен на квалитет, ефикасност и штедливост. |
| Целна група: | Граѓаните на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 50.000.000,00 денари |

III. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ износот од „241.410.000,00 денари“ се брише и на негово место се запишува износот „248.910.000,00 денари“.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/4
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за планирани активности на Одделението за односи со јавност за 2018 година**

1. Се објавува Програма за планирани активности на Одделението за односи со јавност за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5323/4**
**Датум: 14.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

ПРОГРАМА
**за планирани активности на Одделението за односи со јавност за 2018 година**

**I. Развојни приоритети и цели**

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Карпош како општа јавност и сите сегментирани јавности, медиумите, институциите, НВО-ата и сите други заинтересирани страни:

-Транспаретно и секојдневно информирање на граѓаните за работењето на Општината

- Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација. За таа цел се неопходни неколку активности кои ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината.

1. -Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)

2. -Унапредување на соработката со медиумите, преку закуп на медиумски простор за промоција на активностите, поради подобрување на рејтингот и транспарентноста на Општината

3. -Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија -Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и Градоначалникот како институција)

4. Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“

5. -

Снимање на емисијата „Карпошвизија“ преку видео прилози

6. Изработка на нова интернет страница на Општината (Дневно ажурирање на веб страницата на Општината

7. Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош

8. Сервисирање на видео и фотоопрема

## II. Проектни активности

## ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

| 1. | Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи)согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со |

| | |
|---|---|
| | засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик различен од македонскиот.<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Карпош, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги. |
| Целна група: | Граѓаните на Карпош,инвеститори, медиуми,ученици и спортисти |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **6.000.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | - За огласување по сите основи |

| ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА | |
|---|---|
| 2. | **- Обезбедување транспарентност на работата на општинските активности и нивна промоција преку закуп на медиумски простор** |
| Опис на активности: | Во континуитет или периодично Општината има потреба од присуство на медиумите (традиционални и нови) со промоција на свои активности, кампањи и сл. Покрај медиумското следење на настаните од страна на медиумите, согласно нивната независна уредувачка политика, |

| | |
|---|---|
| | Општината има потреба и од пласирање на свои ПР продукти: промотивни видео спотови, банери на интернет портали или пласирање на свои кампањи кои одат на комерцијална основа во медиумскиот простор. |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Низ промоција на своите активности преку повеќе канали на комуникација, меѓу кои печатените и електронските медиуми, Општината ќе добие поголема видливост пред граѓаните.<br>✓ Ќе се зголеми позитивната перцепција за одредени настани кои се поважни за локалната власт (Ден на општина Карпош, Културно лето, традиционални турнири и настани)<br>✓ Ќе го прошири достапот до поголема и поразноврсна публика по возраст, образование, по родова припадност и сл. |
| Очекувани резултати: | ✓ Зголемен рејтинг на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките,<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи<br>✓ Двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите) |
| Целна група: | Медиуми,граѓани |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | 750.000,00 денари<br><br>Општина Карпош |
| Трошоци: | |

| | |
|---|---|
| 2. | -Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија) |
| Опис на активности: | Општината има потреба од темелно и контролирано следење |

| | |
|---|---|
| | на медиумската перцепција и начинот на известување на традиционалните и електронските медиуми за активностите и работењето на локалната власт преку некоја big data платформа. Најчесто користена и најпристапна е press clippingot, која ја изработуваат специјализирани аутсорсинг компании |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот<br>✓ Креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови<br>✓ Добивање на реална слика и насочување на комуникациите кон највлијателните (opinion maker-i)креатори на мислење во јавноста |
| Очекувани резултати: | ✓ Брзо и правилно насочување на комуникациите<br>✓ Промени во комуникациите во „од“<br>✓ Подобрена слика и медиумска перцепција за Општината и индиректно на општата јавност |
| Целна група: | Медиуми,граѓани |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **650.000,00 денари**<br>Општина Карпош |
| Трошоци: | - |

| | |
|---|---|
| 3. | **-Мерење и анализа на перцепцијата за работата на општината и градоначалникот како институција** |
| **Опис на активности:** | -Општината периодично спроведува онлајн и офлајн анкети, поточно анкети за сондажа на мислење на граѓаните или други целни јавности, за работата на администрацијата, квалитетот на услугите, за плановите во сферата на |

| | |
|---|---|
| | урбанизмот, за квалитетот на образование, за животната средина. Понекогаш тие ги изработуваат остручени државни службеници од општинската администрација (ИТ експерти, ПР одделение или Секторот за развој).<br>-За построучни и подлабински анализи е потребно периодично ангажирање на специјализирани агенции за испитување на јавното мислење, преку теренски анкети, фокус групи, интервјуа и сл. |
| Стратешки насоки и цели: | - Целта е Општината да ги искористи сознанијата од анкетите за да го насочи или подобри работењето во одредени сегменти.<br>- Анкетите обезбедуваат реална слика и партиципативност на целните публики во креирање на плановите и стратегиите на локалната самоуправа<br>- Подобрување во сите сфери на работење |
| Очекувани резултати: | ✓ Подобрување на општинските политики и нивно усогласување со граѓанските приоритети.<br>✓ Поголема партиципативност на граѓаните во носењето одлуки преку граѓански форуми и сл.<br>✓ Пообјективни сознанија за задоволството на граѓаните од работата и услугите на општинската администрација |
| Целна група: | Граѓаните на Карпош, општата и сегемнтирана јавност |
| Реализатор: | Аутсорсин компанија избрана на тендер |
| Трошоци | 300.000,00 денари |

| 4. | Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“ |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината во континуитет издава општинско информативно гласило-магазин (Ребрендиран „Карпош ИН) кое бесплатно се доставува во 20.000 примероци, преку |

| | |
|---|---|
| | урбаните и месните заедници до сите семејства во Карпош. |
| Стратешки насоки и цели: | - Целта е информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.<br>- Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Карпош да постигнеме и парципативност на граѓаните (посебно младата популација преку постигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата)<br>Ја зголемуваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината |
| Очекувани резултати: | ✓ Позитивен одиум кај сите целни публики<br>✓ Поголема транспарентност за работата<br>✓ Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот имиџ<br>✓ Информираност и транспарентност за работењето |
| Целна група: | Сите граѓани, од училишна возраст до трето доба |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | **3.200.000,00 денари**<br>Општина Карпош |
| Трошоци: | -Печатење на магазинот „Карпош ИН“ |

| 5. | **-Снимање на емисијата „Карпошвизија„ преку видео прилози** |
|---|---|
| Опис на активности: | Општината „поседува“ тим од телевизиски новинари, камерман и монтажер кои активно ги следат сите настани во Општината. За таа цел изготвуваат видео прилози кои се ставаат на you tube каналот на Општина Карпош. |
| Стратешки насоки и цели: | Целта од креирање на сопствени видео прилози е првенствебно информативна. Видео записите и општинскиот јутјуб канал од комуникациски аспект има посилна моќ и пристапност до публиката/граѓаните. |

| | |
|---|---|
| | Поголемата гледаност и автентичен приказ од случувањата ја зголемува и афирмацијата на работата на локалната самоуправа. |
| Очекувани резултати: | Поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат со нивните средства како алиментатори на општинскиот буџет. |
| Целна група: | Општата јавност и сите граѓани на Карпош, од сите возрасти. |
| Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор: | Нема дополнителни трошоци за Буџетот затоа што тимот е ангажиран со привремено вработување и се емитува на бесплатен канал |
| Трошоци: | нема |

| 6. | Изработка на нова интернет страница на Општината |
|---|---|
| Опис на активности: | Дневно ажурирање на веб страницата на Општината |
| Стратешки насоки и цели: | ✓ Поголема транспарентност на Општината пред граѓаните и еден од најчестите канали на комуникација со општата јавност<br>✓ Достапност до клучни информации од интерес за секојдневното живеење на граѓаните на Карпош<br>✓ Достапност до обрасци и документи потребни за добивање на услуги од Општината<br>✓ Поголема видливост на општината и транспарентност пред сите засегнати страни |
| Очекувани резултати: | ✓ Општината ќе оствари подобра и поквалитетна комуникација со сите корисници на интернет просторот кои се непосредно заинтересирани за работата на локалната администрација<br>✓ Побрза достапност до клучни документи, огласи, обрасци за апликација и сл.<br>✓ Посовремена и пофункционална веб страница |
| Целна група: | Сите граѓани и заинтересирани јавности |
| Реализатор: | Аутсорсинг компанија, специјализирана за изработка на веб сајтови избрана на јавен тендер |

| | |
|---|---|
| Предвидена финансиска рамка : | 350.000,00 ден. |

## ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

| | |
|---|---|
| 7. | Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош |
| Опис на активности: | Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис |
| Стратешки насоки и цели: | Благовремено известување на јавноста |
| Очекувани резултати: | Подобрување и благовремено најавување на општинските настани |
| Целна група: | Граѓани, медиуми, НВО, институции |
| Реализатор: | Специјализирана информативна агенција |
| Предвидена финансиска рамка : | 35.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| 8. | Сервисирање на видео и фотоопрема |
| Опис на активности: | За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи, во месечниот магазин , како и до сите медиуми |
| Стратешки насоки и цели: | |
| Очекувани резултати: | - |
| Целна група: | |
| Реализатор: | Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 130.000,00 денари |

| Трошоци: | Поправка на камера и фотоапарат |
|---|---|

Вкупна предвидена финансиска рамка: 11.415.000,00 денари

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **11.415.000,оо денари** е предвидено со Ребаланс на Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2018 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за односи со јавност со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-5060/5
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5323/5**
**Датум: 14.06.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање**
**за 2018 година**

I. Во Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2017), во главата III. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, по точка 8 се додава нова точка 9 која гласи:

“9. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 18 ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември).“

По изменувањето и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2017), главата III. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ гласи:

1.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАЧЕТВРТ З 01

2.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАЧЕТВРТ З 02

3.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 01

4.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ Ј 02

5.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗАЧЕТВРТ Ј 04

6.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15, БЛОК 01

7.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15, БЛОК 04

8.ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 8 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05

9. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 18 ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Тедосије Гологанов и бул. 8-ми Септември)

II. Во глава V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО, по точка 2 се додава нова точка 3 која гласи:

“3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УПС БАРДОВЦИ БЛОК 10“

По изменувањето и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2017), главата V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО гласи:

1. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО Бардовци - стопански комплекс

2.ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА село Бардовци

3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА УПС БАРДОВЦИ БЛОК 10“

III. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-5060/6
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5323/6**
**Датум: 14.06.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), член 94 и член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 193/15, 226/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16 ), Советот на Општина Карпош на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

Програмата содржи:

I. Просторот на уредување;
II. Обемот на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на секундарната инфраструктура;
IV. Извори на финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V I. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
V II. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII.. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Динамика за извршување на Програмата;

## I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош определено со ДУП.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт.

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14,107/14 и 115/14 и 149/15), со тоа што Општина Карпош врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:
- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Карпош
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:
- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2018 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Карпош за 2018 година и ги опфаќа работите предвидени со програмите Ф1, Ф2, ФА, ФД, ГА, ГД, ВА, ЈО, Ј3, Ј4,Ј6, Ј7, Ј8, Ј9, ЈА, ЈД, ЈО, ЈИ, ЈМ, ЈН, ЛА, НА и П1 како следува:

### ПРИХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ** | **1.189.438.000,00** |
| 71 | | | | **Даночни приходи** | **1.049.000.000,00** |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 1.049.000.000,00 |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 1.049.000.000,00 |
| | | | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 1.008.000.000,00 |
| | | | 717116 | Комунална такса за јавно осветлување | 41.000.000,00 |
| **72** | | | | **Неданочни приходи** | **20.200.000,00** |
| | 725 | | | Други неданочни приходи | 20.200.000,00 |

*Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*sovet@karpos.gov.mk www.karpos.gov.mk*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 7259 | | Други неданочни приходи | 20.200.000,00 |
| | | | 725939 | Други неданочни приходи | 20.200.000,00 |
| 73 | | | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **85.000.000,00** |
| | 733 | | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 85.000.000,00 |
| | | 7331 | | Продажба на земјиште И нематријални вложувања | 85.000.000,00 |
| | | | 733111 | Приходи од продажба на земјиште во сопственост на РМ | 70.000.000,00 |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект | 15.000.000,00 |
| | | | | | |
| 74 | | | | **Трансфери и даноци** | **35.238.000,00** |
| | 741 | | | Трансфери од други нивоа на власта | 35.238.000,00 |
| | | 7411 | | Тековни трансфери од други нивоа на власта | 5.238.000,00 |
| | | | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 5.238.000,00 |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 30.000.000,00 |
| | | | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 30.000.000,00 |

Овие приходи се распоредуваат на програмите и потпрограмите :

# ПРОГРАМА
# за урбано планирање на Општина Карпош
# За 2018 година

Програмата за урбано планирање (Ф) се состои од следните подпрограми:

1. **Ф.1О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

2. **Ф.2О. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

   **( тековно-оперативни трошоци )**

3. **Ф.АО. ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

   **(капитални трошоци)**

4. **Г.АО. ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ (капитални расходи)**

5. **Г.ДО. ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*-Одделение за поддршка и*
*организација на Советот на Општина Карпош*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**1. Ф1О - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
**2.Ф2О - ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**( тековно-оперативни трошоци )**

ВОВЕД:
Тековно-оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на :

- Детални урбанистички планови
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**РАСХОДИ**

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | ВИДОВИ НА РАСХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 300.000.000,00 |
| 42 | | | | **Урбанистичко планирање** | **17.000.000,00** |
| | 425 | | | Договорени услуги | **17.000.000,00** |
| | | 4256 | | Урбанистичко планирање | 12.000.000,00 |
| | | | 425640 | Изгработка на урбанистички планови, геодетски подлоги и ревизија (Обврска од минати години изнесува 2.500.000 ден, и предвидени се средства за активности во 2018 год. во износ од 9.500.000 ден) | 12.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4259 | | Други договорни услуги | 5.000.000,00 |
| | | | 425940 | Рушење на објекти | 5.000.000,00 |
| | | | | Рушење на објекти на територија на Општина Карпош и асистенција | 5.000.000,00 |
| 48 | | | | **Каптални расходи** | **283.000.000,00** |
| | 481 | | | Градежни објекти | 280.000.000,00 |
| | | 4811 | | Градежни објекти | 280.000.000,00 |
| | | | 481130 | Реконструкција на станбени објекти | **175.000.000,00** |
| | | | | - Изработка на лифтови во згради (Обврска од минати години 20.000.000 ден, предвидени средства за активности за 2018 год. 1.000.000 ден) | 21.000.000,00 |
| | | | | - Изработка на фасади (Обврска од минати години 117.000.000 ден, предвидени средства за активности за 2018 год. 20.000.000 ден) | 137.000.000,00 |
| | | | | - Препокривање на кровови на колективни згради и индивидуални домови (Обврска од минати години 15.000.000 ден ,предвидени средства за активности за 2018 год. | 16.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1.000.000 ден)<br>-Лимарски работи за колективни згради и индивидуални домови<br>( Обврска од минати години 1.000.000 ден) | 1.000.000,00 |
| | | | 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти<br>Обврска од минати години 98.000.000 ден. | 98.000.000,00 |
| | | | 481230 | Реконструкција на деловни објекти (Обврска од минати години во износ од 7.000.000 ден.) | 7.000.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | **3.000.000,00** |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 3.000.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти | 1.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 2.000.000,00 |

3. **ФАО -ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**РАСХОДИ**

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНИ РАСХОДИ | 64.000.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 64.000.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 53.500.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 53.500.000,00 |
| | | | 482910 | Подготовка на проекти (Обврска од минати години изнесува 11.000.000 ден, и предвидени се средства за активности во 2018 год. во износ од 2.000.000 ден) | 13.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти | 40.000.000,00 |
| | | | | **А) Изградба на водоводна мрежа и проекти** | 6.000.000,00 |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено надоместок за уредување на градежно земјиште ( предвидени средства за активности за 2018 год. во износ од 6.000.000 ден) | |
| | | | | **Б) Изградба на фекална канализација со проекти** | 18.000.000,00 |
| | | | | Договорни обврски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно замјиште (Обврска од минати години во износ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | од 12.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 6.000.000 ден) | |
| | | | | **В) Изградба на атмосферска канализација со проекти** | 13.000.000,00 |
| | | | | Договорни обвски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно земјиште (Обврска од минати години во износ од 6.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 7.000.000 ден) | |
| | | | | **Г) Изградба на ниско напонска електрична мрежа и трафостаници со проекти** | 1.000.000,00 |
| | | | | Договорни обвски спрема корисниците кои имаат платено за уредување и надоместок на градежно замјиште (Предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 1.000.000 ден) | |
| | | | | **Е) Изградба на пристапни патеки за лица со посебни потреби** | 2.000.000,00 |
| | | | | - На цела територија на Општина Карпош сите пешачки премини- | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | рампи<br>- Општински објекти, училишта и градинки.<br>(Предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 2.000.000 ден) | |
| | | | 482940 | **Надзор над изградбата** | **500.000,00** |
| | 485 | | | **Други нефинансиски средства** | **10.500.000,00** |
| | | 4854 | | Нематријални средства | 10.500.000,00 |
| | | | 485420 | Надомест за одземен имот<br>(Обврска од минати години во износ од 1.400.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 8.600.000 ден) | 10.000.000,00 |
| | | | 485440 | Основни геолошки истражувања<br>(Предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 500.000 ден) | 500.000,00 |

4.ГАО-ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ (капитални расходи)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 400.000,00 |
| 42 | | | | **Стоки и услуги** | 400.000,00 |
| | 424 | | | Попоравки и тековно одржување | 400.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и тековно одржување | 400.000,00 |
| | | | 424310 | Одржување на мостови | 400.000,00 |

6. ГДО- ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 4.000.000,00 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | | 4.000.000,00 |
| | 464 | | Разни трансфери | | 4.000.000,00 |
| | | 4649 | | Разни трансфери | 4.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 464990 | Други трансфери (Обврска од минати години во износ од 1.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 3.000.000 ден) | 4.000.000,00 |

## ПРОГРАМА
## За комунални дејности на Општина Карпош
## За 2018 година

Програма за комунални дејности (Ј) се состои од следните Под-програми:

1. БАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
2. ЈОО- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
3. Ј3О- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
4. Ј4О- ЈАВНА ЧИСТОТА
5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ
6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
7. Ј8О-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
8. Ј9О-ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ
9. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

10. ЈДО- ИЗГРДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ
11. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА
12. ЈИО- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ
13. ЈМО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО
14. ЈНО- УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕНИ РАСХОДИ)
15. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
16. НАО-ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)
17. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

1. ВАО- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 90.800.000,00 |
| **48** | | **Капитални расходи** | | | **90.800.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 90.800.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 90.800.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објект | 500.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 482920 | Изградба на други објекти (Обврска од минати години во износ од 25.000.000 ден) | 25.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти (Обврска од минати години во износ од 17.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 48.000.000 ден) | 65.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 300.000,00 |

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 13.000.000,00 |
| 42 | | | | Стоки и услуги | 13.000.000,00 |
| | 424 | | | Поправка и тековно одржување | 13.000.000,00 |
| | | 4243 | | Поправка и тековно одржување | 13.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби | 13.000.000,00 |
| | | | | - Одржување на клупи<br>- Одржување на корпи за отпадоци | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Одржување на огради и други браварски работи<br>- Одржување на детски и спортски игралишта<br>- Одржување на патеката за ролери<br>(Обврска од минати години во износ од 5.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 8 .000.000 ден) | |

2. JOO- ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

РАСХОДИ

3. J3O- ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ставка | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 63.000.000,00 |
| 42 | | | | **Стоки и услуги** | **63.000.000,00** |
| | 421 | | | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **18.000.000,00** |
| | | 4211 | | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 18.000.000,00 |
| | | | 421110 | Електрична енергија | 18.000.000,00 |
| | 424 | | | **Поправка и тековно одржување** | **45.000.000,00** |
| | | 4243 | | Поправка и тековно одржување | 45.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби - Одржување на електрична инсталација, канделабри и промена на светилки и новогодишно украсување (Обврска од минати години во износ од 32.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 13.000.000 ден) | 45.000.000,00 |

4. Ј4О- ЈАВНА ЧИСТОТА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 33.600.000,00 |
| 42 | | | | **Стоки и услуги** | **33.600.000,00** |
| | 421 | | | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **6.000.000,00** |
| | | 4211 | | Други комунални такси | 5.000.000,00 |
| | | | 421190 | Други комунални такси | 5.000.000,00 |
| | | 4214 | | Транспорт | 1.000.000,00 |
| | | | 421410 | Горива и масла | 1.000.000,00 |
| | 423 | | | **Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка** | **1.300.000,00** |
| | | 4239 | | Ситен инвентар, алати и други материјали за поправка | 1.300.000,00 |
| | | | 423990 | Други материјали | 1.300.000,00 |
| | 426 | | | **Други тековни расходи** | **300.000,00** |
| | | 4269 | | Други тековни расходи | 300.000,00 |
| | | | 426990 | Други опреативни расходи | 300.000,00 |
| | 427 | | | **Привремени вработувања** | **26.000.000,00** |
| | | 4271 | | Привремени вработувања | 26.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 427110 | Други договорни услуги<br>- Ангажирање на сезонски работници | 26.000.000,00 |

5. Ј6О- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 28.619.000,00 |
| 42 | | | | Стоки и услуги | 28.619.000,00 |
| | 424 | | | Поправки и тековно одржување | 28.619.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и тековно одржување | 28.619.000,00 |
| | | | 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта<br>- Локални патишта (за крпење на ударни дупки - Агенција за државни патишта)<br>- Зимско одржување на улици и патишта (Агенција за државни | 1.571.000,00<br>1.048.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | патишта)<br>Одржување на улици и патишта од програмата за уредување на градежно земјиште<br>(Обврска од минати години во износ од 10.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 4.000.000 ден) | 14.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на улици и проекти<br>- Крпење на ударни дупки, прокопи од програмата за уредување на градежно земјиште<br>(Обврска од минати години во износ од 10.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 2.000.000 ден) | 12.000.000,00 |

6. Ј7О-ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 30.000.000,00 |
| 42 | Стоки и услуги | | | | 30.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 30.000.000,00 |
| | | 4245 | | Поправки и тековно одржување | 30.000.000,00 |
| | | | 424590 | Одржување на други зелени површини<br>- Одржување и реконструкција на јавно зеленило<br>(Обврска од минати години во износ од 23.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 7.000.000 ден) | 30.000.000,00 |

7. Ј8О-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ | Потставк | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| орија | | на ставка | а | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 4.000.000,00 |
| 42 | | Стоки и услуги | | | 4.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 3.000.000,00 |
| | | 4242 | | Поправки и тековно одржување | 3.000.000,00 |
| | | | 424230 | - Дезинфекција<br>- Ерадикација<br>- Чистење на одводни канали | 3.000.000,00 |
| | | 426 | | Други опертивни расходи | 1.000.000,00 |
| | | | 4269 | Други опертивни расходи | 1.000.000,00 |
| | | | 426990 | - Подигање на хаварисани возила<br>- Оперативни расходи | 1.000.000,00 |

**8.** Ј9О- ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 1.000.000,00 |
| 42 | | | | Стоки и услуги | 1.000.000,00 |
| | 424 | | | Поправки и тековно одржување | 1.000.000,00 |
| | | 4243 | | Поправки и одржување на други градби | 1.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби | 1.000.000,00 |
| | | | | На цела територија на Општина Карпош | |

9. ЈАО- ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 53.000.000,00 |
| 48 | | | | Капитални расходи | 53.000.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 53.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 53.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 482910 | Подготовка на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 1.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на јавно осветлување, улично, патеки, паркинзи и на јавни<br>- Осветлување на дворни места на ОУ и детски градинки<br>- Осветлување на детски и спортски игралишта<br>(Обврска од минати години во износ од 45.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 5.000.000 ден) | 50.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 2.000.000,00 |

**10.ЈДО- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ**

**РАСХОДИ:**

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 267.119.000,00 |
| 48 | | | | Капитални расходи | 255.119.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 482 | | Други градежни објекти | | 255.119.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 255.119.000,00 |
| | | | 482120<br><br>482130 | Изградба на улици, патишта и автопати (Агенција за државни патишта)<br>Реконструкција на улици, патишта и автопати (Обврска од минати години во износ од 176.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 74.000.000 ден) | 2.619.000,00<br><br>250.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 2.500.000,00 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | | | **12.000.000,00** |
| | 464 | | Разни трансфери | | 12.000.000,00 |
| | | 4649 | | Други разни трансфери | 12.000.000,00 |
| | | | 464910 | Плаќање по суд.решенија | 12.000.000,00 |

10. 1. ЈДА - ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ ВО С. БАРДОВЦИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | ВИдови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 4.000.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 4.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 4.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 4.000.000,00 |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици | 4.000.000,00 |

**11. ЈЕО- ИЗГРАДБА НА ПАРКИРАЛИШТА**

РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 70.900.000,00 |
| 48 | Капитални расходи | | | | 70.900.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 70.900.000,00 |
| | | 4829 | | Изградба на други објекти | 70.900.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти Изградба на паркиралишта, плоштади и платоа во Општина Карпош (Обврска од минати години во износ од 40.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во | 70.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | износ од 30.000.000 ден) | |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 900.000,00 |

## 12. ЈИО- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 2.000.000,00 |
| 48 | | | Капитални расходи | | 2.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 2.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 2.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти<br>- Покривање на одводни и одпадни канали<br>(Обврска од минати години во износ од 2.000.000 ден) | 2.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | износ од 30.000.000 ден) | |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 900.000,00 |

12. ЈИО- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **2.000.000,00** |
| 48 | | | **Капитални расходи** | | 2.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни објекти | | 2.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 2.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти<br>- Покривање на одводни и одпадни канали<br>(Обврска од минати години во износ од 2.000.000 ден) | 2.000.000,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 34.000.000,00 |
| 48 | | | | **Капитални расходи** | 34.000.000,00 |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 34.000.000,00 |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 34.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други објекти<br>- Клупи<br>- Корпи за отпадоци<br>- Фонтани<br>(Обврска од минати години во износ од 13.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 21.000.000 ден) | 34.000.000,00 |

15. ЛАО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 20.000.000,00 |
| 42 | | | | **Стоки и услуги** | **2.000.000,00** |
| | 424 | | | Поправки и тековно одржување | 2.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4243 | | Поправки и одржување на други градби | 2.000.000,00 |
| | | | 424390 | Одржување на други градби<br>- На цела територија на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 48 | | | | **Капитални расходи** | **18.000.000,00** |
| | 482 | | | Други градежни објекти | 18.000.000,00 |
| | | 4829 | | Поправки и одржување на други градби | 18.000.000,00 |
| | | | 482920 | Изградба на други градби | 8.000.000,00 |
| | | | | Изградба на други објекти<br>Изградба на спортски и детски игралишта<br>(Обврска од минати години во износ од 8.000.000 ден | |
| | | | 482930 | Реконструкција на други градби | 10.000.000,00 |
| | | | | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |

16. НАО- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 71.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | **Капитални расходи** | | | | **71.000.000,00** |
| | 480 | | Купување на опрема и машини | | 11.000.000,00 |
| | | 4801 | Купување на опрема и машини | | 11.000.000,00 |
| | | 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација (Обврска од минати години во износ од 5.000.000 ден) | | 11.000.000,00 |
| | 482 | | **Други градежни објекти** | | **60.000.000,00** |
| | | 4829 | | Други градежни објекти | 60.000.000,00 |
| | | | 482910 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објект | 2.000.000,00 |
| | | | 482930 | Реконструкција на други објекти (Обврска од минати години во износ од 46.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 11.000.000 ден) | 57.000.000,00 |
| | | | 482940 | Надзор над изградбата | 1.000.000,00 |

17. Н10- ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 17.000.000,00 |
| 42 | Капитални расходи | | | | 17.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | | 17.000.000,00 |
| | | 4242 | Одржување на згради | | 17.000.000,00 |
| | | 424210 | Одржување на згради<br>Оджување на училишните објекти<br>(Обврска од минати години во износ од 12.000.000 ден, и предвидени се средства за активности за 2018 год. во износ од 5.000.000 ден) | | 17.000.000,00 |

17. П10- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

РАСХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основ на ставка | Потставка | Видови расходи | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | ВКУПНО РАСХОДИ | 3.000.000,00 |
| 46 | Субвенции и трансфери | | | | 3.000.000,00 |
| | 464 | | Разни трансфери | | 3.000.000,00 |
| | | 4649 | | Разни трансфери | 3.000.000,00 |
| | | | 464990 | Други трансфери<br>-Проекти и едукации<br>-Активности од ЛЕАП | 3.000.000,00 |

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување *на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на* Општина Карпош.

V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на општината ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14,104/15 и 192/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11 ,64/12, 188/14, 104/15, 153/15 и 192/15 ).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Карпош за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13 10/15 и 147/15).

Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Карпош.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

**Надоместок**

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Карпош за инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2017 год. изразена во денари/$м^2$ нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/$м^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| **КОМПЛЕКСИ** | | Основни **комуналии** + **пречистителна станица (1%)** | **Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс)** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа-----------------------------------------1,5о%
- Фекална канализациона мрежа----------------------- 1,5о%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**3. Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од општината опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13 и 155/13,96/14,107/14 и 115/14), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/12 и 29/15 );

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Карпош за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% општината за секундарната инфраструктура (станбени

и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена секундарна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава ВИ, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.

- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П."Водовод и канализација" и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П."Водовод и канализација". Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П."Водовод и канализација", како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.
- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

| КОМПЛЕКС-1 |
|---|

ДЕЛ-1 (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: З 01, З 02, З 03, З 04, З 05, З 06, З 07, З 08, З 09, ЦС 15, Ј 01, Ј 02, Ј 03 и Ј 04, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Карпош.

| КОМПЛЕКС-2 |
|---|

ДЕЛ-2- (Општина Карпош)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: СЗ 17, СЗ 19, СЗ 26, ССЗ 01, ССЗ 02 и дел ССИ 03 (по административните граници со Општина Бутел и Општина Чаир), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Карпош.

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата наменети за финансирање на оваа програма.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-5060/7**
**Датум: 13.06.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општина Карпош, донесено на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/7
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општина Карпош-Скопје.

2. Средства за реализација на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општина Карпош и Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Карпош за 2018 година се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-5060/8
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2018 година

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/8
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев,

**за објавување на Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.**

1. Се објавува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, донесен на единаесетата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5323/9**
**Датум: 14.6.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и челн 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13.06.2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Пограмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи и до Секторот за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.09-5060/10
Датум:13.06.2018година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ ОБЛАСТА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. – 15.05.2018 ГОДИНА

## I. <u>ВОВЕД</u>

Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, кој во својот состав содржи две одделенија – **Одделение за уредување на градежно земјиште** и **Одделение за комунална инфраструктура**, со своите активности се стреми да придонесе за подобрување на комуналната инфраструктура со што граѓаните ќе добијат подобри услови за живеење.

## *II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2018 ГОДИНА*

Генералните цели, по кои се водеше тимот на вработени при извршувањето на активностите во текот на 2018 година, се следните:

- Уредување на просторот;
- Обемот на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на секундарната инфраструктура;
- Извори на финансирање на Програмата;
- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
- Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
- Начин на распределба на средствата за изградба и одржуување на инфраструктурата;
- Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
- Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- Динамика за извршување на Програмата;

## *III. УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА*

Како простор кој е предмет на уредување на градежно земјиште се смета изградено и неизградено градежно земјиште на подрачјето на општината Карпош определено со Деталниот урбанистички план. Во овие рамки на уредување на градежно земјиште се реализираат проекти за изградба на улици,пешачки троатоари, колско пешачки патеки, пешачки патеки, паркинзи и плоштади.

Подобрувањето на комуналната инфраструктура се однесува на реконструкција на постојната улична мрежа на територијата на општината, реконструкција на фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, подземни кабловски инсталации, подземна електрична мрежа, реализација на проекти за изградба на фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа и друго.

IV. Согласно горенаведените активности на Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи на територијата на Општина Карпош опфатени се сите **Урбани заедници** каде е предвидена реализација на голем број проекти од сите области.

УЗ БАРДОВЦИ

1. Објекти во тек на реализација
- Детска градинка во дворното место на ООУ Аврам Писевски – во завршна фаза
- Интервенција на санирање на дефект на фекална канализација на ул.„6“ - завршено

**2. Објекти со техничка документација**
- Започната изведба, па прекината фекална канализација по ул. “2” и ул. “К”

**3. Тендерски постапки**
- Објавен тендер за дел од ул. “13“
- Објавен тендер за реконструкција на улица “К”
- Објавен тендер за реконструкција на 10 споредни улици од ул. 2, 4 и 12
- За улица “Б” припрема за тендер за инфраструктура (водовод и фекална канализација) и реализација
- За спортско игралиште непосредно до плоштадот – Објавен тендер

УЗ ЗЛОКУЌАНИ

**1. Објекти со техничка документација**
- Изградба на атмосферска канализација по ул. “Скупи 4А”
- Изградба на ул. “Скупи 4А” (со тротоари)
- Асфалтирање на ударни дупки на пристапен пат до хидрометереолошка станица

(Улици и патишта)

**2. Тендерски постапки**
- Доизградба на водоводна мрежа од Криви Дол до Момин Поток, во тек е припрема на тендерска документација

<u>УЗ КАРПОШ 1</u>

**1. Објекти со техничка документација**
- Реконструкција на дел од ул. “Бранислав Нушиќ” (изведувач, Ексико – Барање за Анекс – изминат рок на важност на договор – објавен нов тендер)
- Реконструкција на ул. “Даскал Камче” (изведувач, Ексико – Барање за Анекс – изминат рок на важност на договор – објавен нов тендер )
- Реконструкција на ул. “Иван Аговски” (изведувач – Ескаватори)
- Реконструкција на дел од ул. “Руѓер Бошковиќ” (изведувач – Ескаватори)
- Реконструкција на паркинг на ул. “Гиго Михајловски 4”

(брзи интервенции – започната изведба)
- Поплочување на аголот помеѓу ул. “Даскал Камче” и Бул. “Ф. Рузвелт”

(брзи интервенции – започната изведба)

**2. Тендерски постапки**
- Реконструкција на терен на игралиштето Сокол (објавен тендер)
- Реконструкција на трибини и урбана опрема (објавен тендер)

УЗ КАРПОШ 2

1. **Објекти во тек на реализација**

- Реконструкција со асфалтирање на крак од ул. “Никола Тесла” - завршено
- Поплочување на дел од крак на ул. “Орце Николов” (брзи интервенции – не е започнато)
- Санација на оштетен тротоар на ул. “Никола Тесла” пред Унгарска Амбасада со асфалтирање на тротоарот ( со брзи интервенции – завршено)

2. **Тендерска постапка**

- реконструкција на тротоари на ул. “Веселин Маслеша” – (објавен тендер)

УЗ КАРПОШ 3

1. **Тендерска постапка**

- Реконструкција на ул. “Карпошево Востание”
(проектот ќе се реализира преку Светска Банка)
- хоризонтално и вертикално обележување кај новопроектирана од ул. “Бледски Договор” до Бул. “8-ми Септември” (има проект)
- Изработен е Елаборат за фитнес зона на кеј на р. Вардар (минор) и доставен до Град Скопје за добивање на Решение

УЗ КАРПОШ 4

1. **Тендереска постапка**

- Изработен е сообраќаен проект со ревизија за нов режим на траен сообраќај за ул. “Волгоградска” и ул. “Разловечко Востание” и доставен до Град Скопје за добивање на Решение
- Завршено поплочување на патеки околу фитнес зоната - 80м2 (брзи интервенции)

УЗ ВЛАЕ 1

1. **Тендерска постапка**

- Реконструкција на ул. “Вангел Дину” – во наредниот период ќе биде изработен проект и ќе отпочне тендерска постапка
- Реконструкција на ул. “Марк Твен” – во наредниот период
ќе биде изработен проект и ќе отпочне тендерска постапка
- Изведба на водоводна мрежа на ул. “Марк Твен” – во наредниот период ќе биде изработен проект и ќе отпочне тендерска постапка

УЗ ВЛАЕ 2

1. **Тендерска постапка**
- дел од ул. “Сливовска”
(постапка за експропријација и изработка на проектна документација)
- Барање од УЗ за реконструкција на просторите (контејнер)
- Припрема на тендерска документација за платформа за паркирање на моторни возила за Порта Влае

УЗ ВЛАДО ТАСЕВСКИ

1. **Објекти со техничка документација**
- Реконструкција на коловоз и тротоари на ул. “Римска”
(проектот ќе се реализира преку Светска Банка)
- Реконструкција на коловоз и тротоари на ул. “Атинска”
(проектот ќе се реализира преку Светска Банка)
- Реконструкција на фасада на станбен објект на ул. “Паризански одреди” бр. 79
(изведувач - Евро Изградба) – нареден период ќе се започне со изведба
- Завршено - Асфалтирање пред објектот бр. 59 на Бул. “Партизански Одреди” (завршена)

**2. Тендерска постапка**
- Реконструкција на ул. “Њу Делхиска”
- Изведба на атмосферска канализазација за ул. “Њу Делхиска”
- Изработка на сообраќаен проект за повеќе улици на овој локалитет (нарачан проект)
- Реконструкција на паркинг помеѓу објектите 79 и 81 на ул. “Партизански одреди” (објавен тендер)
- во рамките на дворното место ООУ Војдан Чернодрински две спортски игралишта (во пакет со други игралишта) – објавен тендер

УЗ ТАФТАЛИЦЕ 1

1. **Објекти во тек на реализација**
- Атмосферска канализација по крак од ул. “Прашка” и ул. “Варшавска” (со брзи интервенции- завршено)
- Фекална канализација на дел од ул.„Варшавска “ до ул.„8-ми Септември“ ( со брзи интервенции – завршено)

- Фекална канализација по крак на ул.„Варшавска“ ( со брзи интервенции – завршено)

**2. Објекти со техничка документација**

- Реконструкција на улица ”Новопроектирана 3” (од “Теодосие Гологанов” до ул. “Прашка”)( Инвеститорот бара да се спроведе постапка за експропријација потоа да се воведе во изведба економски оператор - Ескаватори)
-изведба на дел од крак на ул. “Прашка” (Бауер да се воведе за изведба)
- асфалтирање на дел од ул. “Новопроектирана 4” од Бул. “Теодосие Гологанов” – со брзи интервенции (Улици и патишта)

**3. Тендерска постапка**

- Атмосферска канализација по крак од ул. “Париска” – припрема на тендерска документација
- Реконструкција на крак од ул. “Париска” - припрема на тендерска документација
- Сообраќаен проект за ул. “Прашка” (ќе биде нарачан проект во Импума)
- ул. “Новопроектирана 3” и ул. “Новопроетктирана 4” (постапка за експропријација)
- Реконструкција на игралиште во рамките на дворното место ООУ Јан Амос Коменски - објавен тендер

<u>УЗ ТАФТАЛИЦЕ 2</u>

1. **Тендерска постапка**

- Пристапна улица од ул. “Московска” (нарачан проект – решени имотно – правни работи)
- Изградба на нов паркинг на место на покриен канал за станбен објект бр. 9А (извод и понатамошна постапка) – Постапка за Експропријација

<u>УЗ КЈПиту</u>

1. **Објекти со техничка документација**

- Реконструкција на фасада на ул. “Миле Поп Јорданов” бр. 70 ( не започната)
- Санација на оштетување на ул. “Ловќенска 9“ во близина на Гермаска Амбасада (брзи интервенции во нареден период ќе биде извршена поправка на асфалтната покривка)
- Проширување на сала за состаноци (Месна Заедница) ( ќе биде извршена со брза интервенција)

2. **Тендерска постапка**

- фекална канализација од ул. “Ловќенска 4” до ул. “Леринска”
објавен тендер
- Изведба на (два) потпорни ѕида на ул. “Ловќенска 4” (нарачан проект)

УЗ ПЕЦО БОЖИНОВСКИ КОЧО

1. Тендерска постапка
- изведба на потпорен ѕид на ул. “Теодосие Синаитски” (нарачан проект)
- изведба на потпорен ѕид на ул. “Мокра” (Локалитет Куршумица) – нарачан проект

**2. Објекти со техничка документација**
- асфалтирање на дел од ул. “Мокра” (Куршумица) – (Улици и патишта)
- асфалтирање на дел од ул. “Јан Хус 4” (Улици и патишта)
- асфалтирање на дел од улица “Јуриј Гагарин 6” (Улици и патишта)

УЗ НЕРЕЗИ

**1. Објекти во тек на реализација**
- Изведување на патеки во црквата св. Пантелејмон (брзи интервенции – завршено)”
- Изведување на патеки во рамките на гробиштата Средно Нерези (брзи интервенции – не е започнато)

**2. Тендерска постапка**
- Изведба на водоводна мрежа од изведената траса за околу 50 семејства на ул. “Козле 1” – обавена средба со граѓани поднесено барање до ЈП „Водовод и Канализација“ за добивање на Решение за хидротехнички услови потоа следува изработка на проект обврска на група граѓани и по добивање на Одобрение за градба ќе биде објавен тендер)
- Пристапна улица од ул. “Ванчо Мицков” до ул. “Партизанска “за објект во тек на градба (постапка за Експропријација по што ќе биде нарачан проект)
- Реконструкција на ул. “Козле 3” – објавен е тендер
- Изведба на потпорен ѕид на ул. “Козле 11” – нарачан проект

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање согласност за превземање во сопственост на Општина Карпош на еден (1) двоен и (1) еден единечен тениски терен во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош од Влада на Република Македонија – Агенција за млади и спорт**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за превземање во сопственост на Општина Карпош на еден (1) двоен и (1) еден единечен тениски терен во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош од Влада на Република Македонија – Агенција за млади и спорт, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/12
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), како и врз основа на Заклучокот на Владата на Република Македонија бр.19-3936/1 од 10.09.2008 година, донесен на единаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 09.09.2008 година за финансирање на изградба на 100 (сто) тениски терени во сопственост на општините и Договорот за инвестирање во изградба на тениски терен во Општина Карпош, помеѓу Агенција за млади и спорт бр.10-24/13 од 20.01.2010 година и Општина Карпош бр.08-217/2 од 18.01.2010 год, Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање согласност за превземање во сопственост на Општина Карпош на еден (1) двоен и (1) еден единечен тениски терен во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош од Влада на Република Македонија – Агенција за млади и спорт**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за превземање во сопственост на Општина Карпош на еден (1) двоен и еден (1) единечен тениски терен во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина Карпош од Влада на Република Македонија – Агенција за млади и спорт.

**Член 2**

Врз основа на Договорот за инвестирање во изградба на тениски терен во Општина Карпош, дел II.Одредби на договорот, член 1, став 2- Објектите-еден двоен и еден единечен тениски терени, се изградени на КП 768 (168/1 нова), 769, 770, 772, 773, 771 (771/1 нова), 783/2, КО Карпош, согласно проект изготвен од Проектант „Студио 2000“ со технички број 2008/13, со одобрение за градење бр.23-4102/3 од 28.12.2009 година, издадено од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката за превземање во сопственост на терените наведени во член 1 од оваа одлука, а особено:

- Да овласти државни службеници кои ќе ја спроведат постапката за обезбедување на целокупната документација за сопственост на терените, за изградбата и техничкиот прием на истите, како и целокупната пропратна техничка документација
- Да овласти државни службеници кои записнички ќе извршат примање на објектите

- Да потпише договор со Агенција за млади и спорт за превземање во сопственост на објектите
- Да овласти државни службеници од општината кои ќе ја запишат сопственоста на терените, предмет на оваа Одлука, на име на Општина Карпош

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/13
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесено на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/13
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје бр.09-4263/5 од 22.05.2018 година, донесено на десеттата седница на Советот на Општина Карпош, поради направена техничка грешка, во точка 1 во цитираните броеви и датуми на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ и во Одлуката донесена од Управниот одбор.
Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што во точка 1 од предметното решение се бришат броевите и датумите 01-61/6 од 26.02.2018 година и 02-61/7 од 26.2.2018 година, а на нивно место се запишуваат броевите и датумите бр.01-204/1 од 02.05.2018 година и бр.02-203/3 од 02.05.2018 година.

2. По изменувањето и дополнувањето точка 1 од решението гласи:

„1. Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градника „Орце Николов“ Карпош-Скопје, бр.01-204/1 од 02.05.2018 година, донесен со Одлука од управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, бр.02-203/3 од 02.05.2018 година.“

3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје.

4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-5060/14
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, донесено на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/14
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје бр.09-4263/6 од 22.05.2018 година, донесено на десеттата седница на Советот на Општина Карпош, поради направена техничка грешка, во точка 1 во цитираните бреви и датуми на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа општинска детска градинка „распеана Младост“ и Одлуката од Управниот одбор.
Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што во точка 1 од предметното решение се бришат броевите и датумите 01-38/5 од 22.03.2018 година и 02-38/4 од 22.3.2018 година, а на нивно место се запишуваат броевите и датумите бр.01-65/5 од 02.05.2018 година и бр.02-65/4 од 02.05.2018 година.

2. По изменувањето и дополнувањето точка 1 од решението гласи:

„1. Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градника „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, бр.01-65/5 од 02.05.2018 година, донесен со Одлука од управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, бр.02-65/4 од 02.05.2018 година.“

3. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градиника „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје.

4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-5060/15
Датум: 13.06.2018 година
Скопіе

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/15
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на единаесетатта седница, одржана на 13 јуни 2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017), во точка II.Проектни активности, по поднасловот А. Поддршка и помош во организацијата на разни манифестации кои се организираат во урбаните, односно месни заедници се врши изменување и дополнување на начин што по точката „Прослава Ифтар во Општина Карпош“ се додава поднаслов Б.Финансиска поддршка за изведување градежни работи на објект-летниковец во кругот на храмот „Св.Пантелејмон“ Нерези

Б.Финансиска поддршка за изведување градежни работи на објект-летниковец во кругот на храмот „Св. Пантелејмон “ Нерези

| | **Финансиска поддршка за изведување градежни работи на објект-летниковец во кругот на храмот „Св. Пантелејмон “ Нерези** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Финансиска поддршка за довршување за веќе започнатите пропратни градежни објекти во кругот на храмот „Св.Пантелејмон“ Нерези |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување и негување на народните обичаи при верките празнувања.<br>Овозможување услови за дружење на граѓаните од урбаната заедница и пошироко |

| | |
|---|---|
| Олекувани резултати | Зачувување на традиционалните вредности и сплотување на жителите на урбаната заедница и пошироко |
| Реализатор | Општина Карпош<br><br>Црковен одбор при храмот |
| Предвидена финансиска рамка | 100.000,00 денари |

II. Во делот “Вкупна предвидена финансиска рамка” износот од “560.000,00 денари” се брише и се заменува со износот “660.000,00 денари”.

III. Оваа програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/16
Датум:13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/16
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата на Општина Карпошво областа на културата дел 2. Програмски активности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата (Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-2383/1 од 16.03.2018 година, доставено од Фолклорно аматерско здружение студио „ЕТНОС“ ул.„Разловечко Востание“ бр.22/1-34 Општина Карпош-Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на Проекти од областа на културата во Општина Карпош-Скопје, врз основа на Програмата на Општина Карпош во областа на културата дел 2. Програмски сктивности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата (Службен гласник на Општина Карпош бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 (Службен гласник на Општина Карпош бр.4/2018).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Фолклорно аматерско здружение студио „ЕТНОС ул.„Разловечко Востание“ бр.22/1-34 од Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Фолклорно аматерско здружение студио „ЕТНОС“ ул.„Разловечко Востание“ бр.22/1-34 Општина Карпош-Скопје до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за култура да достави деталeн финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/17
Датум: 13.06.2018
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/17
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата на Општина Карпошво областа на културата дел 2. Програмски сктивности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018), Советот на Општина Карпош, на единаесетатта седница , оддржана на 13 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-2490/1 од 20.03.2018 година, доставено од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ АКУД „Мирче Ацев“ ул.„Дрезденска“ бб Општина Карпош-Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на Годишната програма за 2018 година“, врз основа на програмата на Општина Карпош во областа на културата дел 2. Програмски активности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ АКУД „Мирче Ацев“ ул.„Дрезденска“ бб, Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ АКУД „Мирче Ацев“ ул.„Дрезденска“ бб Општина Карпош-Скопје до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за култура да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/18
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/18
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата на Општина Карпошво областа на културата дел 2. Програмски активности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018), Советот на Општина Карпош, на единаесетата седница, оддржана на 13јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр. 55-2559/1 од 21.03.2018 година, доставено од Младинско културно уметничко друштво „Цветан Димов“ ул.„Варшавска“бр.98 од Скопје, со која се одобруваат финансиски средства за програми, проекти и манифестации во областа на културата од јавен интерес за Општина Карпош за 2018 година“, врз основа на Програмата на Општина Карпош во областа на културата дел 2. Програмски активности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавување на Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018)

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 125.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Младинско културно уметничко друштво „Цветан Димов“ ул.„Варшавска“ бр.98 од Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Младинско културно уметничко друштво „Цветан Димов“ ул.„Варшавска“ бр.98 од Скопје до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за култура да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Број: 09-5060/19
Датум: 13.06.2018 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, донесена на единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, оддржана на 13 јуни 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-5323/19
Датум: 14.06.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата на Општина Карпошво областа на културата дел 2. Програмски сктивности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018), Советот на Општина Карпош, на единаесеттата седница, оддржана на 13.06.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-2485/1 од 20.03.2018 година, доставено од Лидија Јеремиќ ул.„Даскал Камче“бр.2-5, Општина Карпош-Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за објавување на седмата книга „Зеница на срцето“, врз основа на програмата на Општина Карпош во областа на културата дел 2. Програмски сктивности, точка 3.Поддршка на проекти од областа на културата („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавувањена Оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр.09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.4/2018)

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 20.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2018 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Лидија Јеремиќ ул.„Даскал Камче“бр.2-5, Општина Карпош -Скопје.

**Член 5**

Се задолжува барателот Лидија Јеремиќ ул.„Даскал Камче“бр.2-5 Карпош-Скопје до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за култура да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5060/20
Датум: 13.06.2018
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

ИСПРАВКА НА ОБЈАВЕНИ ТЕХНИЧКИ ГРЕШКИ

1. Во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2018 година, е објавена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година бр.09-4263/3 од 22.05.2018 година. Во истата е направена техничка грешка во основот-преамбулата на Програмата, со тоа што е цитиран член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Макеоднија“ бр.5/2002).

По корекцијата на техничката грешка, во основнот-преамбулата на Програмата гласи:
„Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Макеоднија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на десеттата седница, оддржана на 22.05.2018, донесе:”

2. Во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2018 година, е објавен „Заклучок за усвојување на Извештајот за работа на Советот на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, бр.11-4513/23 од 23.05.2018 година“ со направена техничка грешка во насловот.

По корекцијата на техничката грешка, насловот на предметниот заклучок се брише и на негово место се запишува следниот наслов: „Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Советот на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година“

3. Во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2018 година, е објавен „Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година, бр.11-4513/24 од 23.05.2018 година“ со направена техничка грешка во насловот.

По корекцијата на техничката грешка, насловот на предметниот заклучок се брише и на негово место се запишува следниот наслов: „Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Сектор инспекторат на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 15.05.2018 година

**Одделение за органзизација**
**и поддршка на работата на Советот,**

С О Д Р Ж И Н А

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година, со Заклучок за објавување,
2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, со Заклучок за објавување,
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетска ефикасност за 2018 година, со Заклучок за објавување,
4. Програма за планирани активности на Одделението за односи со јавност за 2018 година, со Заклучок за објавување,
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2018 година, со Заклучок за објавување,
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, со Заклучок за објавување,
7. Решение за давање согласност на Годишен план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Карпош за 2018 година,бр.04-2500/1 од 28.03.2017 година, Решение бр.09-4430/4 од 08.06.2017 година, со Заклучок за објавување,
8. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2018 година, со Заклучок за објавување,
9. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2018 година, за период од 01.01 до 15.05.2018 година со Заклучок за објавување,
10. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите за 2018 година за период од 01.01 до 15.05.2018 година со Заклучок за објавување,
11. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за согласност за времено давање на користење без надомест на недвижни ствари во сопственост на Општина Карпош (4 деловни простории на надземниот премин Влајко) на државен орган – Министертсво за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, со Заклучок за објавување,
12. Одлука за давање согласност за превземање во сопственост на Општина Карпош на еден (1) двоен и (1) еден единечен тениски терен во дворот на ООУ „Петар Поп Арсов“, Општина

Карпош од Влада на Република Македонија – Агенција за млади и спорт, со Заклучок за објавување,

13. Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
14. Решение за изменување и дополнување на Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“ Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
15. Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2018 година, со Заклучок за објавување,
16. Одлука за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година – (за реализирање на програма за работа на Фолклорно аматерско здружение студио „ЕТНОС“),со Заклучок за објавување,
17. Одлука за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година – (за реализирање на програма за работа на АКУД Мирче Ацев), со Заклучок за објавување,
18. Одлука за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година – (за реализирање на програма за работа на Младинско културно уметничко друштво Цветан Димов), со Заклучок за објавување,
19. Одлука за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година – (за печатење на книга на поетеса Лидија Лучко Јеремиќ) со Заклучок за објавување и

- ИСПРАВКА НА ОБЈАВЕНИ ТЕХНИЧКИ ГРЕШКИ

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**